Совет на Општина Делчево
Број 09-1802/3
28.09.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
Од одржаната 27.седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на 28.09.2023 година (четврток), во Мултифункционалниот центар, со почеток во 9:20 часот. На седницата присуствуваа 15 членови на Советот.

Отсутни немаше.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот на Општина Делчево, Гоце Попов, која за седницата го предложи следниот

**Дневен ред**

**-Усвојување на Записник од 24.седница**

**-Усвојување на Записник од продолжение на 24.седница**

**-Усвојување на Записник од 26.седница**

1. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

**Образлагач:** Анка Христова-Раководител на Одделението за финансиски прашања.

2. Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево.

3. Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 година со Заклучок за усвојување (пуштен на е-маил);

**Образлагач:** Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

4.Предлог-Одлука за утврдување на надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево;

**Образлагач:** Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР.

5. Предлог- Одлука за определување на тарифа за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево

**Образлагач**:Николина Петровска Мавродиева-Виш соработник за сообраќај.

6. Шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Марија Сумрачка-одговорна за сметководство и финансов раководител.

7.Предлог-Одлука за парична помош по Барање 21-241 од 20.09.2023 година;

8.Предлог-Одлука за финансиска поддршка по Барање бр.09-1664/1 од 23.08.2023 година;

9.Прашања и предлози на членови на Совет;

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави

Иван Гоцевски кој рече дека има две процедурални забелешки по дневниот ред, едната се однесува на 5-тата точка, односно во текот на седницата образлагачот на точката да обезбеди ценовник, односно претходната одлука за да можат советниците да направат споредба.

Реагираше Гоце Попов, претседателот на Советот кој рече дека ова не е процедурална забелешка и го праша советникот дали има процедурална забелешка бидејќи претседателот на Советот го прочитал само дневниот ред и не непаравил никакво прекршување на процедурата дадена со Деловникот на Советот.

Тони Стаменковски рече дека на 20 септември 2023 година, политичката партија Левица до претседателот на Советот доставила Иницијатива за ставање на ФК Брегалница Делчево под надлежност на општината.Поради се почестите недоразбирања во фудбалскиот клуб, сомнителното работење, по допрени гласови за неправилното користење на средствата доделени од општината, но и намерата на некои лица за продажба на фудбалскиот клуб на бугарска фондација, единствено решение што преостанува е овој фудбалски клуб да премине во надлежност на општината.Тој рече дека иницијативата е поднесена согласно член 15 од Деловникот и го праша претседателот на Советот зошто не е ставена иницијативата на дневен ред и побара истата да биде ставена на дневен ред на денешната седница.

Претседателот на Советот рече дека и тој го почитува Деловникот за работа на Советот и го упати советникот на член 149 од Деловникот кој гласи: „Советот донесува одлуки од своја надлежност и на иницијатива поднесена од членовите на Советот, јавните служби, установи и претпријатија, облиците на месна самоуправа, здруженијата на граѓаните, граѓаните и други субјекти.
Иницијативата му се доставува на претседателот на Советот, кој ја упатува на Градоначалникот заради давање мислење. Тој рече дека како претседател постапил согласно овој член, односно иницијативата ја доставил до Градоначалниот заради давање мислење. Кога ќе биде доставен одговор/мислење истиот ќе биде доставен до советникот, односно:Ако градоначалникот смета дека нема потреба од донесување одлука, за тоа ќе го извести претседателот на Советот и подносителот на иницијативата, наведувајќи ги причините за тоа. Ако подносителот на иницијативата смета дека причините не се оправдани, тој може својата иницијатива повторно да ја поднесе преку претседателот на Советот. Повторната иницијатива за донесување на одлука се претресува на седница на Советот, заедно со мислењето на градоначалникот. Откако ќе ја разгледа повторната иницијатива, Советот може со заклучок да го задолжи градоначалникот да изготви и поднесе предлог на одлука. За ставот што ќе го заземе по повторната иницијатива за донесување на одлука, Советот ќе го извести подносителот на иницијативата".

Тони Стаменковски рече дека претседателот е должен да ја стави иницијативата на дневен ред без мислење од градоначалникот бидејќи тоа е од итен карактер.

Претседателот на Советот рече дека самиот советник рекол дека иницијативата е поднесена 7 дена пред седницата согласно Деловникот и дека тој како претседател, согласно член 149 од Деловникот ја препратил истата до Градоначалниот на мислење. Доколку е од итен карактер, итноста треба да се образложи сега на седницата и не требало да се доставува 7 дена пред Совет, за сите иницијативи постапката е иста. Очигледно дека не знаете што сакате, рече тој.

Иван Гоцевски рече дека токму врз основа на член 149 од Деловникот тие како советничка група поднеле две иницијативи до претседателот на Советот и тоа:

1. Иницијатива за дополнителна финансиска помош, создавање на кризен штаб за спас на култрата и културните манифестации во општина Делчево на формирање тело кое ќе управува и ќе се грижи за доброто на културата во општина Делчево;

2. Иницијатива за дополнителна финансиска помош, создавање на кризен штаб за спас на ФК Брегалница Делчево и тело кое ќе управува и ќе се грижи за доброто на клубот ФК Брегалница Делчево и спортот во општина Делчево;

Тој истакна дека и на двете иницијативи има одговор од страна на градоначалникот, но не е задоволен од истиот и согласно истиот член 149 бара иницијативата да се стави на дневен ред и го праша претседателот зошто не се ставени двете иницијативи на дневен ред?

Претседателот на Советот рече дека овие две иницијативи нема да бидат ставени на дневен ред бидејќи едната од нив е спротивна на законот за здруженија и фондации, како и законот за локална самоуправа. Кога се поднесуваат иницијативи, тие треба да бидат усогласени со законите и тоа што се предлага во нив да биде усогласено со законите. Предлагате формирање на кризен штаб, тело кое ќе го формира Советот и ќе го „вметнеме“ во фудбалскиот клуб кој е формиран согласно законот за граѓански здруженија и тоа тело ќе му кажува што и како да прави. Ве молам, погледнете го убаво Законот за граѓански здруженија, посебно во делот што се однесува на независноста во работењето на клубот, консултирајте се со правник, па тогаш поднесете иницијативи. Вашата загриженост за ФК „Брегалница“ и иницијативата е во ред и ја поддржувам, ама мора да се има предвид Законот за граѓански здруженија и иницијативата да биде усогласена со него, рече претседателот на Советот.

Иван Гоцевски рече дека забелешката на претседателот е во ред со оваа иницијатива, ама бара на дневен ред да се стави иницијативата за културата.

Претседателот на Советот во врска со оваа иницијатива рече дека до него него како претседател на Советот, не е доставен одговорот/мислењето од градоначалникот на таа иницијатива и затоа не е ставена на дневен ред.

Сашко Ивановски имаше забелешки во врска со точката 4 од дневниот ред односно Предлог-Одлука за утврдување на надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево. Според него оваа точка треба да се тргне од дневен ред бидејќи немало седница на соодветната комисија, а самата одлука е многу „штура“, не е наведено како се дошло до тој надомест,определено е само износ/надомест. Според него надоместокот не треба да биде ист за сите улици, не е исто улица во централно градско подрачје и некоја периферна улица. Според него треба да се земе предвид зоната каде се наоѓа улицата.

Претседателот на Советот рече дека делумно се сложува со дискусијата а С.Ивановски, но тој рече дека тука е образлагачот на точката, се што не е јасно или доволно објаснето, може да се постави прашање, да се даде шанса таа да ја образложи точката, а ако има потреба одлуката може и да се измени и дополни, рече претседателот на Советот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, истиот беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 24.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 24.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од продолжението на 24.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од продолжението на 24.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 26.седница.

За збор се јави Иван Гоцевски кој немаше забелешка по Записникот но сакаше јавно да го истакне своето незадоволство од неодговарањето на советничките прашања од страна на градоначалникот, раководителите и директориите на локалните институции, како и од недоволното внимание и почит кон советниците од страна на градоначалникот и раководителите на општинската администрација. Исто така тој имаше забелешка на некои одговори на советничките прашања и рече дека со таквите одговори се потценува функцијата член на Советот, интелегенцијата на советниците и се нарушува угледот и авторитетот на Советот како орган на Општина Делчево. Тој апелираше до претседателот на Советот во иднина на седниците на Советот да присуствуваат градоначалникот, раководителите на секторите и директорите бидејќи се случува многу пати да се поставуваат прашања од страна на советниците, а образлагачите по точките да не знаат да дадат одговор на истите. Конкретно, рече тој до ЈКП „Брегалница“ се доставени над 50 советнички прашања од кои на повеќе нема никаков одговор, рече тој.

Претседателот на Советот го праша Иван Гоцевски дали има забелешка по записникот од 26.седница, а Иван Гоцевски рече дека забелешката е во постојаното отсуство или неприсуство на седниците на градоначалникот на Општина Делчево.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 26.седница на Советот на Општина Делчево.

**Прва точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;**

Образлагач по оваа точка беше Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања кој рече дека пред советниците е одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година. Имено, во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година бр.09-2698/1 од 26.12.2022 година, во член 9 став 1 алинејата 1
се менува и гласи:
- коефициент за утврдување на платата на избраните и именуваните лица - Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината и изнесува 2,9, а основицата на која се пресметува изнесува 47.637. Основицата наведена во член 1, ќе се применува согласно Одлуката на Уставен Суд на РСМ од 21.03.2023 година, У бр.113/2022, („Сл.весник на РМ“ бр.65/2023), рече тој. Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека ставот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ е дека секогаш треба да се почитуваат законите и одлуките на Устаниот суд. Што се однесува до одлуката за покачувањето на платата на градоначалникот, тој рече дека сака јавно да го истакне неговиот и ставот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ во врска со оваа одлука, а тоа е дека не е коректно и неблагодарно во услови на севкупна криза да се покачува платата за 78%. Не е коректно кога нема средства за се друго (бесплатен оброк на децата во градинката, бесплатни униформи за учениците, не е коректно да нема средства за студентите), не е коректно да нема средства за спортските

клубови и здруженијата на граѓаните, а да има средства за енормното покачување на платата на градоначалникот. Од сите напред наведени причини тие како советничка група нема да ја поддржат оваа одлука, истакна тој.

Кирил Тренчевски имаше реплика на Иван Гоцевски во врска со неговата забелешка за покачувањето на плата на градоначалникот и рече дека преку 80% од градоначалниците се од ВМРО ДПМНЕ и тоа покачување се однесува и на нив. Тој рече дека за ситни политички поени тој вели дека некои градоначалници од ВМРО ДПМНЕ се откажале од нивните плати, дали тоа е така или не, ние не знаеме, немаме информација. Тој го праша И.Гоцевски дали има информација за тоа дали советниците во советите на општините во кои градоначалниците се од ВМРО ДПМНЕ, гласале за таквата одлука, односно дали ја донеле одлуката? Не може да се дискутира во таква насока како да е донесена одлуката, се уште е расправа по одлуката, може и да не биде донесена, не може некој да се откаже од нешто што се уште не е донесено, рече тој. Ние како советници од СДСМ, барем побаравме мислење од Државната комисија за спречување на корупција, дали има конфликт на интереси на градоначалникот во случајот, рече тој.

Контра реплика имаше Иван Гоцевски кој рече сака да го потсети координаторот на советничката група на СДСМ дека токму на негов предлог седницата била прекината и рече дека не е важно што гласале и како гласале другите советници во други општини. Што се однесува до градоначалниците од ВМРО ДПМНЕ дел од нив се откажаа од зголемувањето на платата и средствата ги донираат во хуманитарни цели и тоа е за поздравување, рече тој.

Шабан Багашов рече дека нема посебен одговор на Иван Гоцевски освен што оваа одлука е практично постапување по одлуката на Уставен суд.

Гоце Попов го праша Иван Гоцевски дали има друг градоначалник во државата што не ја зема платата покачена за 78%?

Иван Гоцевски го праша раководителот на Секторот за финансии дали има план од кои конта од буџетот на општина Делчево ќе биде исплатено зголемувањето на платата на градоначалникот?

Шабан Багашов рече дека средствата ќе бидат исплатени од конто 401-плати и надоместоци и 402-придонеси, при што напомна дека предвидените средства нема да бидат доволни но веќе во ноември ќе има ребаланс и ќе бидат предвидени.

Иван Гоцевски го праша раководителот дали може средствата за исплата на платата на градоначаликот да бидат од конто 420 и 424-патни и дневни трошоци и во интерес на граѓаните и јавноста праша дали основицата на која се пресметува изнесува 47.637 се однесува на нето или на бруто платата и го праша раководителот колку би изнесувала платата на градоначалникот (за информација на граѓаните).

Шабан Багашов рече дека не може од други ставки-може исклучиво само од конто 401 и конто 402, основицата на која се пресметува изнесува 47.637 и се однесува на бруто платата. Колку ќе биде платата, треба само да се помножи основицата со коефициентот, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе

**Втора точка- Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево која истакна дека овој план се донесува согласно член 20-а од Законот

за вработени во јавниот сектор и е законска обврска на секоја институција и истиот е изработен врз основа на Методологијата, член 5 став 3 за изготвување на ГПВ и на единствен образец пропишан од Министерството за информатичко општество. Во делот на планирани нови вработувања, страна 7 се пренесуваат 2 работни позиции од 2023 во ГПВ за 2024 и тоа: главен готвач и хигиеничар и плус уште еден хигиеничар кое место ќе се испразни по основ на пензионирање во октомври 2023 година. Доколку имате прашања,повелете рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката, за збор се јави Сашко Ивановски кој имаше забелешка од технички карактер. Имено, тој рече дека не треба директорката двапати да е потпишана на планот, на 1 место како лице кое го одобрило планот, а на едно место како раководно лице. Тој рече дека треба некоја посебна служба или лице да го одобрува годишниот план, а функционерот/директорот да го потпишува. Доволно би било само како директор да го потпише планот, рече тој.

Б. Симовска истакна дека планот го одобрува и донесува директорот, таа кажала во образложението дека овој план се изготвува на унифициран образец, за истиот план има добиено и позитивно мислење од МТСП. Што се однесува до дуплирањето на потписот, таа рече дека секоја година е исто и немало никаков проблем, секоја година добиваме согласност и од МИОА и од МТСП. Таа праша кој би бил тој што ќе го потпишува планот како лице кое го одобрува планот за вработување?

Сашко Ивановски рече дека очигледно директорката погрешно ја разбрала неговата забелешка- доволно би било само како директор да го потпише планот, доволно е еден потпис, рече тој.

Иван Гоцевски рече дека има забелешка на текстот на самата Согласност од МТСП која е доставена заедно со планот, во смисла дека МТСП начелно нема забелешко по доставениот ГПВ за 2024 на детската градинка. Имено, тој спомна дека во Пробиштип, Кочани и Штип, Министерството за ттруд и социјална политика не дало согласност за вработување на Годишните планови во градинките во тие три општини, за разлика во овој случај. Тој праша дали директорот смета дека МТСП дава согласност само на плановите за вработувања во оние општини каде СДСМ е на власт?

Реагираше претседателот на Советот и му укажа на Иван Гоцевски дека согласноста на МТСП не е е на дневен ред и дека неговата дискусија е надвор од дневниот ред. Конкретно се разговара за годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево, не за Штип, Пробиштип и Кочани
праша зошто не се одговорени прашањата кои се доставени. Тој рече дека директорката не мора да одговори на ова прашање бидејќи е надвор од темата.

Б.Симовска рече дека не сака да ја коментира работата на МТСП на кој било начин, таа е директорка на детската градинка во Делчево, а на советникот му рече дека прашањето ме да го постави до Министерството за труд и социјална политика.

Зекир Абдулов реагираше дека не му е доставен Годишниот план за вработување на детската градинка за 2024 и истакна дека посебно го интересираат тие планови.

Претседателот на Советот му се извини на советникот и рече дека со оглед на тоа што сите други советници го имаат добиено планот, најверојатно станува збор за техничка грешка.

Иван Гоцевски праша зошто не е доставен одговор на прашањата кои се доставени до директорот на детската градинка (кои му се битни за оваа точка), а се однесуваат на вкупниот број на запишани деца од денот кога сте назначени за директор до денес?

Претседателот на Советот рече да не се преоптеретува седницата со овие прашања кои не се поврзани со ГПВ за 2024. Ако се доставени прашањата писмено до директорката, таа ќе ви одговори рече тој.

Директорката на ОЈУДГ „Весели цветови" рече дека прашањата се доставени до неа писмено од страна на советникот и побара да се пролонгира рокот за одговор на истите бидејќи бараните податоци се поопсежни, (од 2018 година до 2023), а лицето кое е одговорно за таа работа е на годишен одмор. Инаку, таа истакна дека вкупниот број на запишани дечиња го има во секоја Годишна програма за работа на градинката и во Годишниот извештај кои се усвојуваат со заклучок на седниците на Советот, сите податоци кои ги барате ги има во табеларни прегледи, читко и јасно, поработете малку, најдете ги податициите што ги барате. Бараните податоци ќе ви ги доставиме, ништо не криеме, едноставно барам време, како што идат годините бројот на децата расте, . моментално тој број изнесува 360 деца рече таа.

Процедурално реагираше Иван Гоцевски кој рече дека е некоректно дрско да се одговара на советниците на начин на кој сега тоа го направи директорката, омаловажувајќи ги сите дека не ги читаат материјалите, дека не се трудат, едноставно не работат, а самата директорка кажа дека ниое бараме податоци од 2018. Некоректно е затоа што ние сме советници 2 години, од 2021 година, а бараме поидатоци за подолг период.

Гоце Попов го праша Иван Гоцевски во што е некоректноста на директорката на градинката.

Кирил Тренчевски рече дека е дрско и од страна на координаторот на советничката група да „малтретира" 15 членови на Советот и претседателот на Советот да го опоменува повеќепати да се придржува на дневниот ред.

Директорката на ОЈУДГ „Весели цветови" праша дали има комисија за труд и социјална политика, дали таа комисија држи седници по точките и доколку има седници зошто никогаш не била повикана. Во иднина таа побара да биде повикувана на седниците на комисијата надлежна за нејзините точки.

Претседателот на Советот рече дека има надлежна комисија, тоа е Комисија за јавни дејности и апелираше до претседателот и членовите на таа комисија да ја повикуваат директорката на седниците на комисијата.Доколку има потреба, нека се свика комисија, да се повика и директорката, рече тој.

Оливера Ташевска праша дали со новите вработувања ќе се зголемат и групите и дали ќе има листа на чекање?

Б.Симовска рече дека прво ова не се нови вработувања, кажав дека се пренесуваат од 2023 две позиции и едното ќе биде ослободено по основ на пензионирање. Тоа е план и тие вработувања се планирани, што не значи дека ќе се реализираат, истите ќе се реализираат кога ќе има потреба, со отварањето на новата градинка. Главната кујна ќе остане во сегашниот објект, а во новата ќе се врши дистрибуција на храна. Сега има само готвач и заменик-готвач, но тогаѓ реално ќе има потреба, ќе се зголеми бројот на деца,рече таа.

Претседателот на Советот реагираше на прашањето на Оливера Ташевска и рече дека со овој план се планираат вработувања на готвачи и хигеничар, а не воспитен кадар.

Оливера Ташевска рече дека претседателот на Комисијата за јавни дејности треба да ја повика директорката на седница бидејќи комисиите ги свикува претседателот на Комисијата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2024 година.

**Трета точка- Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 година со Заклучок за усвојување ;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Димитровски-Директор на ООУ „ Св.Климент Охридски“-Делчево“ која на почетокот ја истакна појдовната основа за изготвување на извештајот, при што истакна дека наставата и другите форми на воспитно-образовната работа во учебната 2022/23 година се реализирани врз основа на Законот за основно образование, Годишните планови и програми пропишани од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука, како и по Календарот на воспитно-образовната работа на основното училиште за учебната 2022/23 година, објавена во Службениот весник на Република Северна Македонија.

Годишниот извештај претставува документ кој содржи битни информации за оценка на работата на училиштето и остварувањето на годишната програма за работа во учебната година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците, учениците, родителите) во остварувањето на дејноста на училиштето. За голем дел информации на овој извештај училиштето располага со аналитички прилози (списоци на ученици, табели на реализирани активности и др). Во Извештајот квантитавно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40-часовна работна недела. Дадени се податоци за бројот на ученици и наставници, успехот на учениците, бројот на изостаноците, воннаставните активности, реализираните и тековните проекти.Доколку имате прашања, повелете рече директорот.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 година.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Николина Петровска Мавродиева бидејќи Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, беше отсутен.Таа рече дека оваа одлука е изготвена врз основа на членот 62 и член 40 став 6 од Законот за јавните патишта и со неа се се утврдува висината на надоместокот за санација на трајни оштетувања на извршени прекопи на асфалтни, бетонски и бекатон површини, а за поставување на определени инсталации и уреди на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево.Висината на надоместокот за работите на асфалтни и бетонски површини на оваа Одлука изнесува 2.461,48 денари за 1 $м^2$ извршен прекоп на општински пат, улица или тротоар. Висината на надоместокот за бекатон површини на оваа Одлука изнесува 1.995,38 денари за 1 $м^2$ извршен прекоп на улична и тротоарска површина. Таа истакна дека е изготвена и предмер пресметка за утврдување на цена за прекопување на улици и

тротоари, а цените се преземени од договорите склучени преку Јавна набавка за изградба на улици во 2022 и 2023 година. Претходно кога имало прекоп на улици и тротоари се барала одобрение од Општината и ЈКП, се одело на терен на лице место и потоа лицето што направило прекоп имало обврска да ја врати улицата или тротоарот во првобитна положба. Практично не е можно да се врати улицата или тротоарот во првобитна положба доколку станува збор за асфалт и затоа сега по донесувањето на оваа одлука се предвидува следно: надлежни служби да излезат на терен да направат пресметка за оштетувањето на патот, барателот да ги уплати тие средства на општината и времено да го санира прекопот. Потоа општината кога ќе избере најповолен понудувач за крпење на ударни дупки, да изврши соодветно/трајно санирање на улицата или троатоарот (со асфалт или бекатон).

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека во одлуката што ја имаат советниците цената за 1 $м^2$ извршен прекоп на општински пат, улица или тротоар е 2.728 не е иста како што истакнала образлагачот 2.461,48 и праша која е точната.

Н.П.Мавродиева рече дека цената за 1 $м^2$ извршен прекоп на општински пат, улица или тротоар е 2.461,48 денари.

Гоце Попов, претседател на Советот рече дека реално со овие цени тешко дека ќе може да се заврши квалитетно санирање на прекопите.

Н.П.Мавродиева да така е, но барателот само времено ќе го санира прекопот, трајното санирање ќе го прави фирма која од страна на Општина Делчево ќе биде изберена по пат на јавна набавка за крпење на ударни дупки. Со оваа одлука се утврдува надомест со цел да има плус средства во буџетот на Општината.

Сашко Ивановски истакна дека висината на цените утврдени со оваа одлука се нерални и смешни, самата одлука е многу општа, не е регулирана постапката (за поднесување на барање, за уплата на средства), не знаеме на кој начин и како се дошло баш до тие суми и сл. Многу често се прекопуваат патишатат и улиците без никој да знае, без некој да уплати средства и потоа ретко кој ги санира прекопите, се прават трајни оштетувања на патот, насекаде има несанирани прекопи во градот и селата.Според него на оваса одлука треба да се посвети поголемо внимание и да се донесе систематско решение. Не може нова улица со нов асфалт да ја прекопува кој кога сака и како ќе му текне без да го санира соодветно прекопот, рече тој.

Н.П.Мавродиева рече дека Советот можа да врши корекција на сумите, постапката е регулирана во самиот Закон за јавни патишта и нема потреба да се опременува одлуката бидејќи таа се однесува само на утврдување на висината на надоместокот. Што се однесува до прекопите, таа рече дека се согласува со Сашко Ивановски дека ги има многу и дека некои од нив не се соодветно третирани. Што се однесува до постапката, таа рече дека нема потреба тоа да биде предвидено со оваа одлука бидејќи самата одлука е само за утврдување на надомест, а цените се утврдени врз основа на склучените договори за јавни набавки. Членот 40 од Законот за јавни патишта целосно ја уредува постапката за која Вие зборувате. Со самата одлука беа изготвени и Предмер-пресметките кои се составен дел на Одлуката за утврдување на надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево, рече таа.

Претседателот даде пауза од 10 минути за доставување на предмер-пресметките на советниците.

По паузата за збор се јави Кирил Тренчевски кој предложи на денешната седница оваа одлука да се донесе, да се свика надлежната Комисија на Советот и ако има потреба, потоа да се изготват измени и дополнувања на истата, а Иван Гоцевски предложи на Комисијата д асе повикаат стручни лица.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево.

Петта точка-Предлог- Одлука за определување на тарифа за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево;

Образлагач и по оваа точка беше Николина Петровска Мавродиева-Виш соработник за сообраќај која рече дека оваа одлука е изготвена како резултат на барањето на група превозници кои бараат зголемување на тарифата за вршење на линиски превоз. Истата се однесува на определување тарифа за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево. Направена е консултација со општинските училишта и усогласување со нивните буџти, односно средства од наменската дотација предвидени за таа намена.Тарифата за вршење на општински линиски превоз по патник во зависност од видот на линиите со кои располага општината е претставена преку табеларен приказ кој е даден во самата одлука, а што се однесува до тарифите/цените, тие се исти од 2019 година. Од страна на Општина Делчево до вас како Совет е подесена Предлог- Одлука за определување на тарифа за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево.Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката, за збор се јави Иван Гоцевски, кој рече дека има две конкретни прашања, а потоа ќе даде своја забелешка. Тој рече дека ако се направи споредба со претходната одлука, ќе се види дека со оваа одлука се додадени некои нови линии ДЕЛЧЕВО – ГРАНИЧЕН ПРЕМИН „ДЕЛЧЕВО“, С.СТАМЕР – С.ГРАД, С.ВИРЧЕ – С.ГРАД.

Николина Петровска Мавродиева рече дека нема додадени нови линии, разликата е во тоа што на едната одлука целата табела е на 1 страна, а на другата одлука е на 2 страни.

Иван Гоцевски имаше забелешка на тарифирањето за две линии и тоа: ДЕЛЧЕВО – С.ИЛИОВО – С.ТУРИЈА и ДЕЛЧЕВО – С.БИГЛА – С.ТУРИЈА. Забелешката е во тоа што зголемувањето на тарифата во однос на другите ралации е помало и тоа не е коректно. Станува збор за рурално подрачје со лоша или никаква патна инфраструктура поради која и самите оператори кои треба да ја вршат таа услуга (според информации од теренот) не сакаат да ја извршуваат иако има деца/ученици кои имаат потреба од превоз до училиштата. Тој побара лично мислење од образлагачот за тоа и праша дали има услови за покачувањето на тарифата за тие две релации.

Николина П. Мавродиева рече дека советниците имаат право да предлагаат корекции за намалување или зголемување на тарифите на општинскиот линиски превоз, но треба да се имаат предвид и буџетите на училиштата. Овие тарифи или цени се

усогласени со нивните буџети и секоја корекција ќе има директна импликација врз буџетите на училиштата и одговорноста за тоа ќе биде на вас како Совет, рече таа.

Иван Гоцевски предложи да се намали тарифата на релацијата Делчево-с.Град или Делчево-с.Вирче да биде 60 денари,наместо 75, а за сметка на тоа да се зголеми за 15 денари на релацијата Делчево-с.Илиово од причини што е подалеку и нема асфалт до секое маало, за разлика од релацијата за с.Град и с. Вирче.

Сашко Ивановски рече дека успеал да направи калкулација за покачувањето на тарифите, Делчево-Габрово е покачено за 66,6%, исто и Делчево-с.Град и Делчево-с.Град за 66,6%, а Делчево-с.Стамер за 50% . Тарифата за релацијата Делчево-с.Илиово е покачена само за 20% и според него има простор за калкулација бидејќи се плаќа од исти буџети. Имајќи предвид дека Габрово, Ѕвегор и Град се села од збиен тип, за разлика од Илиово, Турија и Бигла кои се од разбиен тип, сметам дека има простор за калкулација, односно корекција на тарифите. Најголем дел од средствата на ООУ „В.Прке“ се трошат токму за тие релации, Габрово, Ѕвегор и Црквенец кои се и поблиску и имаат подобра патна инфраструктура.Сметам дека покачувањето е најголемо баш кај Габрово и Ѕвегор (66,6%) а најголем дел од средствата се трошат баш на тие релации, ако за тие релации се плаќало 1 милион денари, сега би плаќал 1,5 милиони, рече тој.

Николина Петровска Мавродиева рече дека с. Ѕвегор има и најголем број на ученици кои се превезуваат, но доколку советниците сметаат дека треба и може да се направат промени, не е проблем, рече таа.

Кирил Тренчевски рече дека релациите Делчево-Габрово и Делчево-Ѕвегор немаат попатни станици, за разлика од другите за кои зборуваат советниците, така што таа цена од 120 денари е во ред.

Н.П.Мавродиева рече дека целата таа релација превезува 18 ученици од кои 8 во Бигла, 6 во Илиово и 4 во Драмче.

Гоце Попов рече дека доколку се соберат сите тие ставки можеби вкупно ќе биде толку некаде.

Иван Гоцевски рече дека на хартија е така, но на терен не е. Проблемот ни е познат на сите со трите дечиња од Илиово кои не одат на училиште затоа што превозникот не сака да ја вози таа релација. Едноставно не е изводливо затоа што тие три дечиња треба да ги земе во 6 часот сабајле за да бидат во 8 часот на училиште во ООУ „Ванчо Прке“. Релациите не се баш како што треба, има проблем.

Кирил Тренчевски рече дека проблемот не е во цената, односно тарифата туку во патот, во тоа што нема асфалт.

Дејан Георгиевски праша дали новите цени, тарифи се на барање на превозниците, дали тие ги предложиле тие тарифи и дали тие се запознаени со новите тарифи?

Н.П.Мавродиева рече дека превозниците од Делчево кои вршат општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево, поднеле барање до Општината и до Советот со кое бараат зголемување на тарифите пред се поради зголемените трошоци што ги имаат како фирми. Тие имаат предложено многу повисоки цени, тарифи за сите реалции од овие што се во одлуката кои излегуваат од буџетите на училиштата. Тарифите се покачени, но не колку што бараат превозниците и истите се усогласени пред се со буџетите на училиштата.

Дејан Георгиевски рече ако се направи споредба со претходната одлука од 2019 година, ќе се види дека средното зголемување на тарифата за сите релации со оваа

одлука е 30% и сметам дека стручните служби направиле реална проценка и дека покачувањето на тарифата за 30% е реално, рече тој.

Сашко Ивановски ги запозна советниците дека пред 10-15-тина години буџетите на училиштата биле доведени во незавидна ситуација баш поради превозот на учениците. Линеарното зголемување за 20 денари на сите релации не е исто процентуално. Тој предложи процентално да се зголеми за 20 или 30% тарифата за сите релации, а не линеарно и тогаш целиот буџет за превозот на ученици ќе биде покачен за 30%, сега не е. Не треба да се доведуваат училиштата во ситација сите средства од наменската дотација да ги даваат само за превоз на ученици, верувајте дека 4-5 години не можеше ООУ „В.Прке“ да се опорави баш поради превозот на ученици, рече тој.

Кирил Тренчевски рече дека образлагачот кажала во 2-3 наврати дека овие тарифи се усогласени со буџетите на училиштата и нема потреба да се повторуваат работите и нема потреба од толкава загриженост.

Сунчица Ѓорѓиева рече дека сигурно имала влијание и километражата при формирањето на цените, односно тарифите.

Иван Гоцевски побара мала пауза за координација пред гласањето.

Претседателот даде кратка пауза.

По паузата за збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека комисиите на Советот треба да се свикуваат и да одржуваат седници бидејќи за тоа се формирани. Како и за многу други точки, така и оваа не е разгледана на комисијата за урбанизам или комунални работи и сообраќај, на која би сакал и јас да присуствувам иако не сум член. ООУ „Ванчо Прке“ доби укор за проблемот што го има со дечињата од с. Илиово и му беше наложено да го реши проблемот кој до ден денешен не е решен. Бидејќи одлуката не поминала на комисија, јас сметам дека оваа точка не треба да помине и ќе гласам против покачувањето на тарифата, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за определување на тарифа за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Делчево.

Шеста точка- Шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-одговорна за сметководство и финансиски книговодител која истакна дека овој извештај е периодичен и се однесува на вториот квартал од работењето на ентитетот. Споредбената анализа на приходната и расходната страна на ЈКП за првите 3 месеци од годината покажува дека ЈКП остварило негативен финансиски резултат од 289.834 денари. Вкупните приходи во овој извештаен период се 26.150.957,00 денари, а вкупните расходи 26.440.791,00 денари.Што се однесува до приходите во однос на истиот извештаен период ланската година тие се зголемени и тоа се должи пред се на зголемување на приходите од вода за пиење од 9.708.865 наспроти на 8.227.483 (а тоа пак се должи на покачувањето на цената на водата), приходи од канализација, потоа на зголемување на приходите од одржување шаркови и зеленило, приходи од одржување на граничен премин, приходи од гробна такса (и цената на таа услуга е покачена).

Ако се погледне расходната страна може да се види дека има намалување на ставката 400-потрошени материјали и суровини во однос на истиот период лани. Ланската година расходите на таа ставка биле 719.942, а овој квартал се 587.641 денари. Пораст на расходната ставка има на 420 за електрична енергија, ланската година била 1.770.717, а оваа година 1.923.195 денари.

Има зголемување и кај ставката за вкалкулирани бруто плати и надоместоци и тоа се должи на зголемувањето на минималната плата. Амортизацијата на постојаните средства е пресметана во согласност со сметководствената политика на друштвото која се признава и вреднува со примена на праволиниска метода со примена на годишни амортизациони стапки и тоа за згради 2,5%, за моторни возила 25%, компјутери 25%, мебел и опрема 10-25%. Акумулираната амортизација на градежни објекти е 1.016.599, на опрема 501.461, на патнички возила1.316.551 или вкупно 2.834.611 денари. Во извештајот е даден и процентот на наплата заклучно со 27.07.2023 година и за правни лица изнесува 76%, а за физички лица 80%.

Од резимето може да се види дека вкупно ненаплатени средства се 4.681.884 денари. Вкупните обврски на ентитетот заклучно со 30.06.2023 година се 68.541.781.

На крајот на извештајот се дадени обврските на ентитетот, како и паричните и тековните еквиваленти дадени во табеларен приказ кои исто така бележат пораст. Таа истакна дека оваа загуба значи дека ЈКП „Брегалница" работи под прагот на рентабилност, а истата е условена од повеќе финансиски ризици:

-пазарниот ризик на цените на суровините и материјалите;

-ликвидниот ризик или ризик од неликвидност;

-двоцифрената инфлација;

-енергетска криза;

-зголемување на минимална плата

Во иднина ЈКП треба да води строга контрола на трошоците, констатно обезбедување на готовина, зголемување на % на наплата и сл.

Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека во вториот квартал од 2023 година, ЈКП бележи загуба од 289.834 денари. Тој побара од образлагачот да му даде одговор за неколку расходни ставки и тоа:411 зошто е зголемено за 30.000 денари, 415 зошто е зголемено за 10 пати од лани, 440 службени патувања зошто е зголемено, 442 трошоци за УО и НО зголемено е исто така за 16.000 денари и 444-трошоци за репрезентација се зголемени за 1000 евра во однос на лани?

Марија Сумрачка рече дека 411 оваа ставка е описна, ПТТ услуги, зголемување на оваа ставка има бидејќи има 5 нови телефонски линии, синтетика 415-трошоци за комунални услуги, тука има зголемување затоа што фактурите од Општина Делчево за јавна чистота не биле доставени навреме, 440 дневници за службено патување, оваа ставка е зголемена затоа што имало повеќе службени патувања, исто е и за трошоци за репрезентација за кои прашувате, имало повеќе трошоци за репрезентација и затоа е зголемена оваа ставка.

Оливера Ташевска рече дека ЈКП има загуба, трошоците се зголемени (на сите непродуктивни ставки, дневници, репрезентации, ПТТ услуги), нема инвестиции за одржување на водоснабдителни системи, а луѓето во с.Разловци немаат вода за пиење, рече таа.

Марија Сумрачка рече ако советничката зборува за ставката за одржување тоа е ставка 413 и тука се главно трошоците за одржување на возилата за собирање на смет.

Иван Гоцевски рече дека уште на почетокот на оваа седница истакнал дека е потребно присуство на директорите на институциите и на раководителите во општината од повеќе причини. Во конкретниов случај не дека не му верува или се сомнева во образложението на образлагачот на Извештајот на ЈКП, туку затоа што директорите и раководителите секогаш имаат повеќе информации за многу работи и случувања во нивните институции и затоа што на карајот на краиштата имаат обврска да бидат присутни на седниците кога имаат точка на дневен ред. Исто така и заради тоа што до ЈКП „Брегалница“ имам поставено еден куп прашања, на кои немам добиено одговор до ден денешен. Од тие причини, јас нема да поставам прашања, туку, како и на минатата седница, ќе дадам едно видување за овој извештај. Негативниот финансиски резултат на ЈКП „Брегалница“ е доказ дека како советник сум бил во право на минатата седница и дека моите дискусии не се паушални кога за 3 месечниот извештај на ЈКП „Брегалница“ реков дека е ефтин трик кој треба да покаже дека ЈКП претпријатие работи добро. Имам информации дека веќе течат судски постапки од вработени во ЈКП за неисплатен регрес за годишен одмор во износ од 50.000 денари.

Реагираше претседателот на Советот кој рече дека И.Гоцевски треба да дискутира по извештајот и за работи кои се случили во периодот од 01.01.до 30.06.2023 година. Она што би се случувало во иднина, или после, ќе се разгледува во друг извештај.

Иван Гоцевски рече дека не е во ред претседателот да го прекинува бидејќи не му дозволил да се докаже во неговата дискусија и дека тоа што сакал да го каже е поврзано со точката на дневен ред и со негативниот финансиски биланс на ЈКП. Точно поради таа причина (судски постапки од вработени во ЈКП за неисплатен регрес за годишен одмор) е прикажан негативен финансиски биланс и тоа е во врска со точката не дневниот ред, бидејќи со негативниот финансиски биланс нема да можат да се наплатат тие средства на вработенити, рече тој.

Кирил Тренчевски се заблагодари на образлагачот на исцрпниот извештај, не е се така црно, ЈКП има еден од најтранспарентните извештаи, на некои конта има намалувања, ама тоа никој не го спомнува (конто материјали и суровини). Тој му предложи на образлагачот, раководител на Секторот за финансии, жиралните пари да не се чуваат на сметките туку со нив редовно да се сервисираат обврските, а тоа да му биде пренесено и на директорот.

Зекир Абдулов праша кои трошоци се на контото 449 останати трошоци од работењето има зголемување за 70.000 денари?

Марија Сумрачка рече дека тука влегуваат повеќе аналитички ставки-анализа на вода, судски трошоци, одржување на софтвер,аминмистративни такси и издатоци, трошоци за членарина, трошоци за службени весници, трошоци за провизии, Агенција за привремени вработувања систематски прегледи на вработени.

Зекир Абдулов рече дека негов впечаток е дека негои трошоци ги има на повеќе ставки и побара во иднина ставката 449 и 469 да биде подетално образложена.

Сашко Ивановски праша на што се однесуваат судските трошоци на ставка 449-останати трошоци од работењето?

Марија Сумрачка рече дека станува збор за судски трошоци за ненаплатени побарувања и се во износ од 5.310 денари.

Оливера Ташевска праша на што се должи зголемувањето на трошоците на ставка 442-трошоци за управен и за надзорен одбор и дали членовите на Управниот одбор разговараале на седници на оние места каде што нема вода?

Марија Сумрачка рече дека сигурно се одржани повеќе седници на УО и на НО и е исплатен надоместок на членовите на Управен одбор.

Бидејќиниој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 7 гласа „ЗА“, 7 „ПРОТИВ“, еден советник не гласаше (се изземаше заради конфликт на интереси), Советот на Општина Делчево донесе Заклучок **за неусвојување** на Шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година.

**Седма точка-Предлог-Одлука за парична помош по Барање 21-241 од 20.09.2023 година**.

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека до Советот има поднесено барање за парична помош на еден наш сограѓанин кој има 5 дечиња и е во лоша финансика состојба, а средствата му се потребни за набавка на облека и учебници. Тој предложи 5.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по Барање 21-241 од 20.09.2023 година.

**Осма точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка по Барање бр.09-1664/1 од 23.08.2023 година.**

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека до Советот е доставено барање за финансиска поддршка, односно за печатење на книги со детски афоризми „Во светот на палавите афоризмичиња 1 и 2“ и „Палави афоризмичиња“ од авторот Миле Ѓорѓијоски. За таа цел тој предложи 20.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска поддршка по Барање бр.09-1664/1 од 23.08.2023 година.

**Деветта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

**Иван Гоцевски**

**<u>До Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски</u>**:

1. Зошто не е постапено по Заклучокот во врска со барањето на Месната заедница с. Стар Истевник број 09-801/1 од 21.03.2023, што Советот на Општина Делчево го донесе на својата 23.редовна седница и беше доставен до Градоначалникот, Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај и ЈКП „Брегалница“-Делчево?

<u>До Градоначалникот на Општина Делчево и раководителот на Секторот за финансии</u>

2.Зошто до сега не се исплатени средствата за финансиска помош/поддршка на повеќе спортски клубови и граѓански здруженија крај тоа што има донесено одлуки на Совет, дали воопшто ќе се исплатат и кога?

До Градоначалникот на Општина Делчево и раководителот на Секторот за финансии

3.На која правен субјект се исплатени 14 милиони денари по основ на камата од средствата кои ѝ беа доделени на општина Делчево од страна на Владата на РСМ за раздолжување?

До Општина Делчево

4. Дали и кога ќе бидат обештетени граѓаните на општина Делчево од поплавите?

5. Дали имате извештај за намената на донираните пари за поплавите за што се употребени?

6.Дали ќе се реконструира опожарената црква во с. Нов Истевник?

7. Зошто ученичките униформи во нашите училишта се на трошок на родителите додека во другите општини се бесплатни (пример македонска Каменица)?

До директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево

8.Зошто ЈКП „Брегалница“ не си ја врши својата работа, односно редовно не ги коси јавните површини кои се претворени во мини депонии?

9. Зошто куќа од 250 м2 со еден член и куќа од 250 м2 со 5 члена плаќаат ист надомест за ѓубрарина?

10. Колку дополнителни приходи од гробна такса планира ЈКП „Брегалница“ планира да акумулира во наредниот период?

11. Колку дополнителни приходи од уредување на паркови и зеленило планира ЈКП „Брегалница“ планира да акумулира во наредниот период?

12. Колку дополнителни приходи од водоснабдување и одведување на води планира ЈКП „Брегалница“ планира да акумулира во наредниот период?

13. Колку вкупно приходи ќе акумулира ЈКП „Брегалница“ по основите од претходните 3 прашања (сите овие услуги и такси беа покачени со одлука на Совет), дали тие средства би биле доволни за покривање на трошокот за плата кој е зголемен поради минималната плата и дали од таа ставка може да се покрие загубата на ЈКП?

14. На што се должи зголемувањето на трошоците за потрошени материјали и суровини во 2022 година наспроти 2021 година?

15.Дали до Вас како директор има поплака од граѓани дека при вршење на услуга-отпишување на канализација иако граѓаните уредно ја плаќаат услугата не добиваат никаков документ и дали доколку постои таков доказ ќе постапите согласно Вашите овластувања и ќе побарате одговорност доколку овие информации се точни?

16. Зошто ЈКП „Брегалница“ не го одржува фудбалскиот терен/игралиште на Градскиот стадион?

До директорот на ЈКП „Брегалница“ и Претседателот на Советот

17.Сметате ли дека со постојаното пријавување и одјавување во АВРМ на еден член на Советот не го потценувате интелектот на членовите на Советот и на граѓаните на општина Делчево и дали сметате дека го наруѓувате угледот и демократскиот пристап на наголемиот по моќ орган на Општината (Советот) и со тоа свесно го изложувате тој член на Советот на санкции и казни од КСК?

Оливера Ташевска, до Градоначалникот на Општина Делчево

1. Барам Општина Делчево да поднес Барање до Комисијата за процена на штети за обесштетување на граѓаните односно жителите на с. Разловци, с. Нов Истевник и

с.Тработивиште и да побара одговор дали и кога ќе бидат исплатени средствата за штетата од пожарот пред две ипол години!

2.Дали Градоначалникот на општина Делчево има поднесено барање до Јавното претпријатие за државни патишта за одговор зошто на регионалниот пат за с. Разловци, на делницата во близина на браната Лошана има оставено неасфалтиран дел од 1,1 км?

3. Дали и кога ќе се реконструира регионалчниот патен правец за с. Габрово?

4.Кога ќе биде реконструиран детскиот парк во Ново Делчево, речиси сите реквизити се испокршени и запоставени од страна на ЈКП „Брегалница“ ?

До директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево

5. Зошто ЈКП „Брегалница“ не направи реконструкција на водоводот односно пумпата за вода во с. Разловци бидејќи истата е стара и прави чести прекини во водоснабдувањето на жителите во с. Разловци?

<u>Стефанија Атанасова Јовановски, до Секторот за урбанизам</u>

1.Дали обновата на водоводната линија на ул. „Орце Николов“ е плански, дали е предвидена во Програмата и доколку е зошто е дозволено прво да се реконструира улицата (да се постави нов асфалт), а потоа истата да се раскопа за поставување на водоводната линија? Кој ќе сноси одговорност за уништувањето на улицата?

<u>Ели Ризова Ангеловска, до Градоначалникот на Општина Делчево</u>

1. Како советничка група на ВМРО ДПМНЕ бараме како градоначалник да дојдете на лице место за да направите увид на состојбата и проблемот со уличното осветлување во с. Град. Жителите на ова село уредно си ги плаќаат своите сметки и заслужуваат подобри услови за живот, како и сите други граѓани. Дали Вие како градоначалник сметате дека овој проблем се уште треба да чека?

<u>До директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево</u>

2. Дали како директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево ќе преземете мерки за решавање на проблемот со недостиг на вода во с. Град кое нешто е сериозен проблем во извршувањето на секојдневните активности и обврски на жителите? И покрај нивното реагирање веќе подолг период од Ваша страна нема никаков одговор и никакви презмени активности?

До Сектор за урбанизам и Општина Делчево

3. Што е со раскопаните улици во с. Габрово и дупките на секои 5 метри кои претставуваат сериозна опасност на граѓаните и што е со прекопувањето на улицата на самиот влез во селото каде што некој сам си ги избетонирал прекопите (како лежечки полицајци 20 см се издигнати), при што се загрозува безбедноста? Дали вие како Сектор за урбанизам и Општина знаете за тие состојби, што сте преземале досега и што ќе преземете во иднина?

Зекир Абдулов, до Општина Делчево

Дали Општина Делчево планира да обезбеди услови за „отварање“ (воведување) на автобуска линија до Скопје?

Со исцрпувањето на дневниот ред, 27.седница заврши со работа во 11:50 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов